**20200821279**

**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 126 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија и член 36 став 1 од Законот за Владата на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 59/00, 12/03, 55/05, 37/06, 115/07, 19/08, 82/08, 10/10, 51/11, 15/13, 139/14, 196/15, 142/16, 140/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19), Владата на Република Северна Македонија, на седницата одржана на 27 март 2020 година донесе

# УРЕДБА СО ЗАКОНСКА СИЛА ЗА ПРИМЕНА НА ЗАКОНОТ ЗА ДАНОКОТ НА ДОДАДЕНА ВРЕДНОСТ ЗА ВРЕМЕ НА ВОНРЕДНА СОСТОЈБА

Член 1

(1) Законот за данокот на додадена вредност („Службен весник на Република Македонија” бр. 44/99, 59/99, 86/99, 11/00, 8/01, 21/03, 19/04, 33/06, 45/06, 101/06, 114/07, 103/08, 114/09, 133/09, 95/10, 102/10, 24/11, 135/11, 155/12, 12/14, 112/14, 130/14, 15/15, 129/15, 225/15, 23/16, 189/16, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 98/19, 124/19 и 275/19) ќе се применува за време на траење на вонредната состојба доколку со оваа уредба со законска сила не е поинаку уредено.

(2) За формата на издавање и пренос на фактурите за време на траење на вонредната состојба се применуваат одредбите од оваа уредба со законска сила.

Член 2

(1) Електронска фактура во смисла на оваа уредба претставува фактура во електронска форма (pdf или друг електронски формат) која ги содржи сите елементи согласно со член 53 став (10) од Законот за данокот на додадена вредност и е доставена по електронски пат до примателот на прометот.

(2) Вршителот на промет, кој има право да издава фактура од ставот (1) на овој член треба да го извести примателот на прометот, преку електронска пошта, електронска порака и/или на друг начин дека за време на траењето на вонредната состојба, фактурите и другите документи од членот 53 став 2 од Законот за данокот на додадена вредност ќе ги издава во формата од ставот (1) на овој член.

(3) Вршителот на прометот кој нема да го извести примателот на прометот според начинот од ставот (2) на овој член ќе продолжи да издава фактури и други документи од членот 53 став 2 од Законот за данокот на додадена вредност во хартиена форма.

(4) Примателот на прометот во рок од 10 дена од приемот на известувањето од ставот (2) на овој член има право да го извести издавачот на фактурата дека ја одбива формата на достава од ставот (1) на овој член. Ако по истекот на 10 дена од примената известување, примателот на прометот не ја одбие формата на достава, ќе се смета дека е согласен доставата на фактури да се врши на начинот уреден со ставот (1) на овој член.

(5) Фактурите од ставот (1) на овој член на примателот на фактурата му даваат право на одбивка на претходниот данок согласно со членовите 33, 34 и 34-а од Законот за данокот на додадена вредност, право на поделба на претходните даноци согласно со членот 36 од Законот за данокот на додадена вредност и право на исправка на одбивката на претходниот данок согласно со членот 37 од Законот за данокот на додадена вредност

(6) Со фактурата во електронска форма од ставот (1) на овој член треба:

- да биде обезбедена автентичноста на потеклото на фактурата на начин што примателот на фактурата може недвосмислено да утврди дека таа фактура е испратена од издавачот на фактурата,
- да биде обезбеден интегритетот на содржината на фактурата на начин што применетата технологија и процедури да оневозможуваат промена на податоците во фактурата,
- да биде обезбедена читливост на фактурата, односно визуелна и разбирлива слика на издадената фактура на компјутерскиот екран или други електронски уреди на еднаков начин како и на хартија.

(7) Обврзниците кои што издаваат и примаат фактури од ставот (1) на овој член се должни да ги исполнат евиденциските обврски согласно со членот 52 од Законот за данок на додадена вредност.

Член 3

Оваа уредба со законска сила влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 44-2605/1
27 март 2020 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
**Оливер Спасовски,** с.р.